**ЗАПИСНИК**
**од 16-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 12.03.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фидановски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот дневен ред објасни дека Точката 2 „Предлог за одземање на дозвола на радиодифузер" поради непосредна уплата на радиодифузерот во последниот час пред започнување на седницата, се менува во „Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата на радиодифузер".

Советот на Агенцијата со изменетиот наслов на Точка 2, едногласно со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.03.2018 година.
2. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата на радиодифузер.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.03.2018 година.

Г-дин Петрушевски објасни дека записникот е составен од неколку страни и има кратка содржина. Од таа причина службата успеала за кратко време да го изработи и затоа беше подоцна доставен до членовите на Советот, односно нешто помалку од два часа пред започнување на седницата. Предложи записникот да не се одложи

бидејќи имаше стандардни точки и притоа даде време да се погледне и да се дадат евентуални забелешки доколку ги има. Рече дека доколку некој од членовите инсистира може и да се одложи.

Советот на Агенцијата со еден воздржан глас од г-дин Фетаи и 6 гласа „за" го усвои Записникот од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.03.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи Горан Радуновиќ го образложи предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата на радиодифузер. Објасни дека радиодифузерот извршил целосна уплата за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување и затоа се предлага покренатата постапка да се запре.

Г-дин Петрушевски рече дека како и за претходните случаи ова го оценува како позитивен настан и позитивна вест и му честита на радиодифузерот што нашол финансиски можности или поддршка да ги уплати потребните средства.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-94 од 12.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, бр.08-42 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 248.336,00 (двестечетириесетиосумилјадиитристатриесети шест) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-1126/3**

**20.03. 2018 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**